ИЗБОРЕН НАВИГАТОР

24/04/2024

# ИЗВЕШТАЈ СПОРЕД ИЗБОРЕН НАВИГАТОР

прв круг претседателски избори 2024 во Република С.Македонија

www.izborennavigator.mk

Извештајот е креиран според алатката Изборен Навигатор креирана во рамки на проектот Иницијатива за зајакнување на демократијата: зајакнување на политичкиот ангажман и учество во Р.С.Македонија

НОВУС

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

# За Проектот

Проектот има за цел да ја засили демократијата во Република Северна Македонија со фокус на политичкото образование и обука, регистрација на гласачите и образование за гласачките права, особено на млади новорегистрирани гласачи, како и вклучување на младите во демократскиот процес.

Со адресирање на овие приоритети, овој проект се стреми да ја искористи оваа можност за придонес кон вклученост на младите во политичкиот систем во Република Северна Македонија.

Главните региони каде ќе функционира овој проект се четири од осумте плански региони и тоа: Југоисточниот, Североисточниот, Полошкиот и Пелагонискиот плански регион (како пилот региони во овој проект), додека пак со алатката Изборен Навигатор овозможена е проверка на резултати од прашалникот со застапеност на сите региони подеднакво.

**Проектот го имплементира Центар за истражување и анализи НОВУС, финансики поддржан од National Endowment for Democracy.**

# Изборен Навигатор

Целта на Изборен Навигатор https://izborennavigator.mk/about/е да го пробуди чувството за граѓанска свест и должност да се излезе на избори, осигурајќи се дека секој граѓанин ја разбира моќта што ја има во формирањето на иднина на својата земја.

Платформата води кон образование и информирање на јавноста за важноста на учество во изборниот процес и влијанието на граѓаните врз демократските одлуки.

Во нашата работа и комуникација, се водиме од страна на професионализам и објективност, отстранувајќи се од било какви партиски или политички идиологии. Нашата намера е да ги поддржиме и поттикнеме граѓаните да ги разгледаат различните перспективи и да донесуваат информирани одлуки што најдобро ќе го одразат нивниот интерес и интересот на општеството како целост.

# Како функционира Прашалникот?

Гласачите со одговарање на внимателно одбрани и прилагодени 30 прашања, поделени по 15 за парламентарни избори и 15 за претседателски избори, во рамки на актуелни области во јавниот дискурс, ќе можат да направат пресметка и согласно исказите базирани според Ликертовата скала и градацијата да ја утврдат позиционираноста во политичкиот спектар.

Самата платформа прави спојување на исказите со политиките на политичките партии, нивните идеолошки ставови и програми во нивните официјални документи и партиски изјави, како и претседателските кандидати. Со цел релевантни искази, во предвид се земаат политичките партии кои имаат рејтинг поголем од 1% согласно последните јавните анализи и утврдените претседателски кандидати од страна на Државната изборна комисија (ДИК).

**Листа на кандидати за Претседател:**

1. Стево Пендаровски
2. Гордана Сиљановска-Давкова
3. Стевчо Јакимовски
4. Бујар Османи
5. Билјана Ванковска – Цветковска
6. Арбен Таравари
7. Максим Димитриевски

# РЕЗУЛТАТИ ОД ПРАШАЛНИКОТ

## ПРВ КРУГ ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 24.04.2024

Првиот круг од претседателските избори 2024 година во Република Северна Македонија се одржаа на 24 април каде право на глас имаа 1.814.317 избирачи, на вкупно 3.480 избирачки места низ државата.
Согласно официјалните резултати од Државната изборна комисија, за Гордана Силјановска-Давкова, гласале 363.086 граѓани, односно 40,08%, додека доверба на Стево Пендаровски му дале 180.500 граѓани, односно 19,92%. Овие двајца претседателски кандидати во вториот круг ја почнуваат изборната борба од почеток[1].

Кандидатот на ГРОМ, Стевчо Јакимовски, има 8.121 гласа (0,90%), кандидатот на ДУИ, Бујар Османи, освои 121.088 гласа (13,37%), кандидатката на Левица, Билјана Ванковска–Цветковска има 41.331 гласа (4,56%), кандидатот на албанската опозиција, Арбен Таравари, има 83.393 гласа (9,20%) и кандидатот на ЗНАМ, Максим Димитриевски, има 83.856 гласа (9,26%).

Во рамки на платформата www.izborennavigator.mk, до изборниот молк за првиот круг избори, прашалникот го одговориле вкупно 8690 испитаници од 8те плански региони во државата кои преку внимателно одбрани и прилагодени прашања, актуелни области во јавниот дискурс, провериле кој претседателски кандидат е најблиску до нивните верувања и афинитети и до која политичка партија се најблиску од политичкиот спектар.

Согласно добиените искази, ова се резултатите по плански региони и кои кандидати и политички партии најмногу се поистоветувале со граѓаните.



[1] https://rezultati.sec.mk/mk/pres/r за 99,91% обработени гласови

# Североисточен регион

Во Североисточен регион, вкупно 674 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од ставовите на испитаниците се најблиску до претседателскиот кандидат Максим Димитриевски. После него најмногу граѓани се поистоветиле со позиционираноста до Стевчо Јакимовски, па Билјана Ванковска, а до претседателскиот кандидат Стево Пендаровски само 43 испитаници. Бујар Османи има 47, а Арбен Таравари 56.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 193
- Стевчо Јакимовски: 149
- Билјана Ванковска: 109
- Гордана Силјановска-Давкова: 77
- Арбен Таравари: 56
- Бујар Османи : 47
- Стево Пендаровски: 43

Вкупно
**674 испитаници**

# Скопски регион

Во Скопски регион, кој зафаќа 7% од територијата на Република Северна Македонија вкупно 3140 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од испитаниците за претседателски кандидат 910 биле до Максим Димитриевски, по него следи Стевчо Јакимовски, па кандидадката на Левица, Билјана Ванковска, а по нејзе следува Гордана Силјановаска Давкова од ВМРО-ДПМНЕ. Актуелниот Претседател Стево Пендаровски, има 199, а додека Бујар Османи 179. Од испитаниците само 117 се поистоветиле со претседателскиот кандидат на Коалицијата Вреди, Арбен Таравари.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 910
- Стевчо Јакимовски: 725
- Билјана Ванковска: 638
- Гордана Силјановска-Давкова: 372
- Стево Пендаровски: 199
- Бујар Османи : 179
- Арбен Таравари: 117

Вкупно
**3.140 испитаници**

# Југоисточен регион

Во Југоисточен регион, вкупно 975 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од испитаниците за претседателски кандидат е најблcку до Максим Димитриевски. По него следуваат Стевчо Јакимовски, Билјана Ванковска од Левица и кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова. Петти е Арбен Таравари, додека до Стево Пендаровски 54 испитаници.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 301
- Стевчо Јакимовски: 219
- Билјана Ванковска: 174
- Гордана Силјановска-Давкова: 124
- Арбен Таравари: 59
- Стево Пендаровски: 54
- Бујар Османи: 44

Вкупно
**975 испитаници**

# Југозападен Регион

Во Југозападен регион, вкупно 424 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од испитаниците за претседателски кандидат најмногу се се поистоветуваат со Максим Димитриевски, па со кандидатката на Левица, Билјана Ванковска, Стевчо Јакимовски, па кандидатката на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова. Потоа се Стево Пендаровски, Арбен Таравари и Бујар Османи.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 147
- Билјана Ванковска: 91
- Стевчо Јакимовски: 84
- Гордана Силјановска-Давкова: 55
- Стево Пендаровски: 19
- Арбен Таравари: 16
- Бујар Османи: 12

Вкупно
**424 испитаници**

# Пелагониски регион

Во Пелагониски регион, вкупно 1517 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел на исказите од испитаниците за претседателски кандидат најблиску биле до Максим Димитриевски, па Стевчо Јакимовски, Билјана Ванковска, Гордана Силјановска Давкова, Арбен Таравари, Стево Пендаровски и Бујар Османи.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 419
- Стевчо Јакимовски: 377
- Билјана Ванковска: 244
- Гордана Силјановска-Давкова: 224
- Арбен Таравари: 103
- Стево Пендаровски: 87
- Бујар Османи: 63

Вкупно
**1.517 испитаници**

# Полошки Регион

Во Полошки регион, вкупно 1245 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од испитаниците во однос на претседателски кандидат исказите најблиску биле до Максим Димитриевски, Билјана Ванковска, Стевчо Јакимовски, Гордана Силјановска Давкова, Арбен Таравари, Бујар Османи па Стево Пендаровски.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 390
- Билјана Ванковска: 211
- Стевчо Јакимовски: 188
- Гордана Силјановска-Давкова: 161
- Арбен Таравари: 109
- Бујар Османи: 101
- Стево Пендаровски: 85

Вкупно

**1.245 испитаници**

# Источен регион

Во Источен регион, вкупно 352 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од испитаниците за претседателски кандидат е до Максим Димитриевски, па по него следат Стевчо Јакимовски, Билјана Ванковска, Гордана Силјановска-Давкова и на крај Стево Пендаровски, Арбен Таравари и Бујар Османи со по само една анкета разлика.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 118
- Стевчо Јакимовски: 95
- Билјана Ванковска: 74
- Гордана Силјановска-Давкова: 29
- Стево Пендаровски: 13
- Арбен Таравари: 12
- Бујар Османи: 11

Вкупно
**352 испитаници**

# Вардарски регион

Во Вардарски регион, вкупно 363 испитаници ја пополнија анкетата. Согласно нивните искази, позиционираноста на најголем дел од испитаниците за претседателски кандидат е најблиску до Максим Димитриевски. Како втор се јавува Стевчо Јакимовски, па по него Билјана Ванковска, Гордана Силјановска-Давкова, Стево Пендаровски, Арбен Таравари и на крај Бујар Османи.




**Претседателски избори прв круг:**

- Максим Димитриевски: 126
- Стевчо Јакимовски: 85
- Билјана Ванковска: 71
- Гордана Силјановска-Давкова: 42
- Стево Пендаровски: 18
- Арбен Таравари: 11
- Бујар Османи: 10

Вкупно
**363 испитаници**




Овој извештај е овозможен со поддршка на National Endowment for Democracy и содржината е единствена одговорност на Центар за истражување и анализи НОВУС и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на донаторот.

## контакт:

contact@associationnovus.org
www.izborennavigator.mk